


СИМОН РЕНЦОВ
СОЊА ПЕТРОВСКА


# 100 ПОДВИЖНИ НАТПРЕВАРУВАЧКИ ИГРИ

**ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I ДО IV ОДДЕЛЕНИЕ**

371.384:796.012(076)
Инв. број 7274
стр. 108 Дин. 300
бл. 27 25
2705
108 300,00

СИМОН РЕНЏОВ
ПЕТРОВА СОЊА

# 100

# ПОДВИЖНИ НАТПРЕВАРУВАЧКИ ИГРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I ДО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Педагошки факултет
„Гоце Делчев"
ШТИП
БИБЛИОТЕКА

Република Македонија
Универзитет „Гоце Делчев"
Универзитетска библиотека

КАЛИОГРАФОС 1996

Техничко уредување
илустрации и корица :
Максимов Тодор

Рецензенти :
Проф. Д-р Петров Никола
Др. Насе Кондовски

Лектор :
Проф. Софија Станчева

Издавач : Калиографос-Штип
Печати : Калиографос-Штип

# ВОВЕД

- Во книгата предлагаме сто подвижни натпреварувачки игри од областа на физичкото воспитание, наменети за учениците од одделенската настава во основното училиште.

- Изборот на игрите е извршен според можностите и потребите на децата од оваа возраст, како би овозможило сестрано и разноврсно влијание врз целокупниот развиток на детскиот организам и би се задоволила потребата од постојано движење и активност.

- Се предлагаат игри кои можат да се изведуваат во сите годишни времиња, на секаков простор и со користење на справи и реквизити што ги поседува скоро секое училиште, а голем број од нив може да ги изработи самиот наставник или да се земаат готови од природата.

- Книгата е наменета за наставниците од одделенската настава при основните училишта за што поуспешно организирање на наставата по физичко воспитание и остварување на нејзините задачи.

- Се надеваме дека книгата ќе им послужи и на останатите организации што се занимаваат со спорт и рекреација на младата генерација : спортски клубови, друштва за телесно воспитување -Партизан, детски домови, центри за физичка култура и слично; како и на редовните и вонредните студенти при Педагошките факултети, родителите и на останатите стручни општествени профили кои се заинтересирани за воспитувањето и образованието на децата од училишната возраст.

# ЗНАЧЕНИЕ И МЕТОДСКО - ДИДАКТИЧКИ БАРАЊА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ПОДВИЖНИТЕ НАТПРЕВАРУВАЧКИ ИГРИ

Современите научни сознанија од областа на психологијата и педагогијата укажуваат на тоа дека физичкото воспитание во одделенската настава има големо значење врз психофизичкиот развиток кај децата од оваа возраст. Токму затоа, наставата по физичко воспитание треба да се организира на начин кој ќе овозможи хармоничен развиток на детската личност и остварување на основната цел и конкретните задачи што произлегуваат од неа.

Целта на наставата по физичко воспитание е сестрано развивање на моторичкиот потенцијал на учениците, да го зајакнува здравјето и одбрамбените способности на детскиот организам, оспособување за творечка примена на физичката култура, слободно и творечко доживување во спортот и играта како главен предуслов за хуманизација и социјализација на личноста и потврдување на човековите вредности.(од програмата за физичко воспитување за I, II, III и IV одделение)

За осварување на вака поставената цел на физичкото воспитание во основното училиште, во голема мера допринесуваат подвижните натпреварувачки игри. Овие игри треба да имаат посебно место во реализацијата на содржините предвидени со наставната програма по физичко воспитание од I до IV одделение.

Играта претставува најприкладен облик на телесна активност и ја задоволува детската потреба за движење. За време на подвижните игри детето е активно : трча, скока, се качува, се провлекува...

Преку движењето се поттикнува крвотокот и размената на материите во организмот, се подобрува дишењето и отстранувањето на штетните материи од организмот преку потење, посебно ако игрите се организираат под влијание на природните фактори - сонце, воздух и вода.

Преку подвижните натпреварувачки игри се влијае врз развитокот на централниот нервен систем, што е услов за брз моторички развиток и координирани движења. Децата стекнуваат способност да управуваат со своето тело и совладаните движења да ги применуваат во секојдневниот живот.

- Систематската примена на овие игри го поттикнува развитокот на мускулите, зглобовите, коските, зглобно - мускулатурната осетливост, видот, слухот, допирот, рамнотежата.

- Освен биолошкото значење, преку подвижните натпреварувачки игри се остваруваат и низа воспитно-образовни задачи.

- Посебно се значајни за развивање на волјата и позитивните карактерни особини : борбеност, снаодливост, истрајност, верба во сопствените можности, прецизност.

- Се развива фантазијата, мислењето и помнењето. Детето треба да ја запомни содржината и правилата на играта, да внимава да го ислуша објаснувањето на наставникот, да не погреши во текот на играта, да ги совлада препреките и стигне навреме на целта.

- Преку овие игри се задоволуваат социјалните потреби на учениците, дејствување во колектив и смисла за соработка. Детето ги почитува барањата на групата, соработува со своите другарчиња, ги следи потребите и успесите на поединецот во групата и целата група, коректно се однесува према победата, а се со цел да се истрае во играта до крај.

- Подвижните натпреварувачки игри ќе одговорат на својата намена и ќе придонесат во остварување на поставените задачи доколку бидат адекватно применувани, како на часовите по физичко воспитување, така и надвор од нив.

Едно од најзначајните прашања е изборот на играта. Тој ќе зависи од целта и задачите што се предвидени да се реализираат, возраста и физичката оспособеност на децата, условите и можностите на училиштето, годишното време и сл.

Подвижните натпреварувачки игри можат да се применуваат во сите етапи на наставниот процес, во зависност од нивната тежина. Најпогодни се за примена во вториот дел во главниот дел од часот по физичко воспитание, бидејќи во него треба да дојде до израз најголемиот напор и расположение на учениците. Се организираат и во слободните ученички активности, за време на часовите за одмор и рекреација, на излет во природа, во слободното време и сл.

За успешно организирање на подвижните натпреварувачки игри наставникот треба да изврши претходна подготовка која опфаќа повеќе моменти: избор на играта, простор за игра, потребни справи и реквизити, проучување на правилата на играта, одредување на времетраењето на истата. Целта и задачите произлегуваат од содржината на самата игра. Справи и реквизити користат готови, а некои од нив изработува наставникот

или се користат предмети земени од природата. Играта се повторува повеќе пати, се додека постои интерес кај учениците за игра. Предолгото играње на играта го намалува интересот, а прекусото го оневозможува остварувањето на поставените задачи.

Правилата на играта треба јасно да се изнесат и образложат пред учениците. Во неа треба да учествуваат сите ученици, во спротивно таа нема да побудува интерес.

Наставникот не само што е должен да ги подготви сите неопходни услови за изведување на играта, туку и да создаде психолошка клима за фер натпревар меѓу учениците.

Ќе ги поттикнува и охрабрува послабите, пофалува поуспешните, на педагошки начин ќе ја сузбива желбата кај учениците да се победи по секоја цена, доследно го контролира придржувањето кон правилата на играта и настојува да се издржи до крај.

Наставникот одлучувајќи се за примена на подвижните натпреварувачки игри како една од формите во наставата по физичко воспитание, дава допринос за успешното остварување на нејзините задачи, а воедно ја задоволува детската потреба за игра.

ЦИП - Каталогизација во публикација Народна библиотека "Гоце Делчев" - Штип

371. 384 : 796. 012(076)

РЕНЏОВ, Симон

Сто подвижни натпреварувачки игри за ученици од I до IV одделение / Симон Ренџов, Соња Петровска ; (техничко уредување со илустрации и корица Тодор Максимов). - Штип : Калиографос, 1996(Штип : Калиографос). - 108 стр. ; илустр. ; 20 см

Користена Литература: стр. 106

1. ПЕТРОВСКА, Соња